ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademia për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 03-245/1
26.04.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр. 03-277
26.04.2024 год.
СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Хелсиншки комитет за човекови права – ЛГБТИ Центар за поддршка**

**Склучен на ден 26.04.2024 година во Скопје, помеѓу:**

1. **Академија за судии и јавни обвинители, со седиште на бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје, (во натамошниот текст „Академијата"), претставувана од директорката проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска, и**

2. **Хелсиншки комитет за човекови права, - ЛГБТИ Центар за поддршка, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр. 83, Скопје, е-маил: helkom@mhc.org.mk претставувано од Уранија Пировска, извршна директорка на организацијата**

Со цел продлабочување на соработката и системско адресирање на родово базираното насилство, каде спаѓа и анти ЛГБТИ насилството, се потпишува овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст „Меморандум") од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска и Извршната директорка на Хелсиншкиот Комитет за човекови права, Уранија Пировска (во понатамошниот текст Страните), како партнер во Проектот на УСАИД за Подобрување на пристап до правда и човекови права, претставуван од Ирена Цветковиќ, Раководителка на проектот.

Со овој Меморандум се уредува понатамошната соработка и заеднички активности во следните четири години, за времетраење на Проектот на УСАИД за Подобрување на пристап до правда и човекови права, насочени кон градење на капацитетите за борба против родово заснованото насилство во чии рамки потпаѓа и анти ЛГБТИ насилството.

Со овој Меморандум се утврдуваат облиците и начинот на соработка помеѓу Страните на полето на спречување на и справување со злосторствата и говорот на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и сензибилизација на кандидатите за судии и јавни обвинители за работа со ЛГБТИ луѓето.

Соработката меѓу Страните ќе се однесува на преземање заеднички активности на полето на спречување на и справување со злосторствата и говорот на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и сензибилизација на кандидатите за судии и јавни обвинители за работа со ЛГБТИ луѓето.

Поаѓајќи од стратешките документи на Академијата за судии и јавни обвинители, заложбите на ОБСЕ изразени преку Одлука бр. 9/09 „Борба против криминалот од омраза" од Атина, Насоките

од Советот на Европската Унија за промовирање и заштита на уживањето на сите права на лезбејките, геј мажите, бисексуалците, трансродовите и интерсекс (ЛГБТИ) луѓето од 2013 година како и Препораката CM/Rec(2010)5 од Комитет на министри на Советот на Европа до земјите членки за мерки за борба против дискриминацијата врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет, Страните на овој Меморандум се договорија за следното:

**Академијата за судии и јавни обвинители ќе:**

- Назначи контакт лице кое ќе соработува со Хелсиншкиот комитет за човекови права за спроведување на проектот;
- Креира план за подигнување на капацитетите на Академијата за препознавање и справување со родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство;
- Обезбеди поддршка за спроведување на план за подигнување на капацитетите на Академијата за препознавање и справување со родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство;
- Собира податоци за број на родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство;
- Координира учество на Академијата за судии и јавни обвинители на информативно-координативната средба, за да се обезбеди поддршка на целиот процес на воспоставување на мрежа од обучени кандидати за судии и јавни обвинители за препознавање и постапување во случаи на родово заснованото насилство и анти ЛГБТИ насилството;
- Номинира учесници во работилниците за подигање на капацитетите во борбата против родово базираното и анти ЛГБТИ насилство најмалку шест до осум недели пред одржување на истите;
- Ги упатува жртвите на родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство до адекватните центри за поддршка и услуги;
- Реализира други активности од заемен интерес, а насочени кон подобрување на капацитетите за одговор на родово заснованото насилство н анти ЛГБТИ насилството.

**Проектот на УСАИД за Подобрување на пристап до правда и човекови права ќе:**

- Обезбеди поддршка за проценка на капацитетите и креирање на план за подигнување на капацитетите на Академијата за судии и јавни обвинители за препознавање и постапување во случаи на родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство и спроведување на истите;
- Обезбеди поддршка во изработка на формуларите за собирање на податоци;
- Организира информативно-координативна средба за Академијата за судии и јавни обвинители;
- За времетраење на Проектот на УСАИД за подобрување на пристап до правда и човекови права ќе организира работилници за подигање на капацитетите во борбата против родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство;

- Изработи насоки за упатување на жртвите на родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство до адекватните центри за поддршка и услуги;
- Реализира други облици на соработка од областа на справување со родово заснованото и анти ЛГБТИ насилство.

Меморандумот влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Меморандумот се склучува за период од четири години и автоматски ќе се смета за обновен доколку ниту една од Страните писмено не ја извести другата Страна за својата намера да го раскине овој Меморандум, најмалку 30 дена пред датумот на негово истекување.

Престанокот на овој Меморандум нема да влијае на активностите и проектите кои се во тек на извршување.

Споровите настанати во текот на склучување на овој Меморандум ќе се решаваат спогодбено меѓу Страните-потписнички на овој Меморандум.

Меморандумот е потпишан во Скопје и е составен во четири еднакви примероци, од кои два за Академијата за судии и јавни обвинители и два примероци за Хелсиншкиот комитет за човекови права – ЛГБТИ Центар за поддршка.

**Контакт лице за спроведување на проектот:**

Љубомир Фаизов – програмски координатор
e-mail: ljubomir.faizov@lgbti.mk
тел: 072/210-563
адреса: ул. Наум Наумовски Борче бр.83, 1000 Скопје

| **За Академија за судии и јавни обвинители** | **За Хелсиншки комитет за човекови права** |
|---|---|
| **Проф д-р Наташа Габер-Дамјановска, Директорка** | **Уранија Пировска Извршна директорка** |